РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-80/3**
**Скопје, 20.11.2025 година**

Записник од триесета седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 20.11.2025 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска -член
г-ѓа Марјана Илиеска -член
г-дин Љупчо Коцевски –член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Заменик претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесетата седница на Советот.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја отвори триесетата седница на Советот и воедно го предложи следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на записник од 29-та седница на Советот
2. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип
3. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола
4. Разно

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката еден од дневниот ред едногласно беше усвоен записникот од 29-та седница на Советот.

Под точка два од дневниот ред Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Штип, и тоа ОЈО Штип, ОЈО Радовиш, ОЈО Берово, ОЈО Делчево, ОЈО Кочани, ОЈО Свети Николе и ОЈО Струмица како и со Годишниот извештај на ВЈО Штип за 2024 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со содржината на истиот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителтсва од подрачјето на ВЈО Штип, со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2024 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство од подрачјето на ВЈО Штип, поединечно како и за ВЈО Штип. Воедно членовите на Советот беа запознаени со кадровската и фанансиската состојба на сите основни јавни обвинителства од ова подрачје и на ВЈО Штип. Истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Штип за извештајната 2024 година постапувале професионално и стручно.

Збор зема г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека видно од извештајот јавните обвинители кои што постапувале по предметите ажурно ја извршувале својата функција. Истакна дека извештајот ги содржи сите потребни податоци за постапувањето и работењето на сите јавни обвинители, дека се почитува примената на чл.275 од ЗКП. Како укажување даде забелешка во однос на увидите чија бројка е доста мала и смета дека тоа е едно од најбитните дејствија во предистражната постапка што треба да се преземат за квалитетно водење на постапката.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски во поглед на увидите кажа дека обично се вршат за кривични дела сообраќајки со смртни последици и кривични дела против животот и телото каде јавниот обвинител задолжително излегува на лице место. Има случаи кога јавните обвинители со овластување се овластува МВР да продолжи со увид бидејќи било оценето дека нема потреба од излегување на јавен обвинител на лице место, а сето тоа зависи од видот на кривичните дела.

Г-ѓа Марјана Илиеска се заблагодари за опсежниот извештај за работењето на основите јавни обвинителства како и на ВЈО Штип. Смета дека извештајот е изготвен квалитетно, дека ги содржи сите потребни податоци и се добива права слика за работењето во сите јавни обвинителства од ова подрачје. Смета дека личната заложба на ВЈО на ВЈО Штип позитивно би влијаела во однос на примената на чл.43 од ЗКП каде се издвоени прилично доста парични средства во буџетот на РСМ. Со мислење е дека примената на овој член треба да ја применуваат

повеќе јавни обвинителства во РСМ. Во делот на казнените налози истакна дека се 17,8% во споредба со обвинителски предлози 31,7% , смета дека би било подобро да се оди со погелем број на казнени налози и така побрзо би се решавале предметите.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски истакна дека тоа зависи од тежината на самите предмети и видот како и дали обвинетиот бил претходно осудуван или не осудуван.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање во врска со состојбата на јавнообвинителски кадар, колку јавни обвинители недостасуваат по јавните обвинителства од ова подрачје.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски кажа дека имало проблем со јавнообвинителски кадар во ОЈО Берово и ОЈО Делчево, но минатата година биле избрани по еден јавен обвинител во овие јавни обвинителатва. Но истите не може да бидат шефови на тие јавни обвинителства. Кажа дека има проблеми со вештачењата од причини што нема парични средства истите да се платат.

Збор зема членот на Советот г-дин Ермон Незири како координатор од Советот за подрачјето на ВЈО Штип, истакна дека извештајот е добро изготвен и покрај недостатокот од јавнообвинителски кадар и истиот го оцени позитивно. Воедно искажа неколку забелешки во позитивна насока, а се однесува на институтот спогодба и истата повеќе да профункционира, а со цел да се покрие недостатокот на јавни обвинители.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски кажа дека има голем процент на пресуди врз основа на признание на вина, но истакна дека за спогодба потребни се две страни и поголема флексибилност од двете страни.

Г-ѓа Светлана Стојковиќ кажа дека извештајот е добро изготвен, ги содржи сите потребни податоци и дава реална слика на работењето на јавните обвинителства од ова подрачје. Наведе дека имајќи ги во предвид податоците прикажани во Годишниот извештај и недостатокот на јавнообвинителскиот и стручниот кадар, смета дека јавните обвинителства работат ефикасно и ажурно. Во делот на статистичките податоци на предлог спогодбите како забелешка наведе грешка од техничка природа.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Штип г-дин Ристо Бојаџиски даде објаснување и кажа дека има техничка грешка во поглед на прикажаните бројки.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека позитивно го оценува Годишниот извештај на ВЈО Штип, и воедно укажа за наредниот извештај да содржи повеќе статистички податоци и бројки во однос на број на пополнети и испразнети јавно обвинителски места како и во поглед на стручната служба.

Откако никој не зема збор Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Штип г-дин Ристо Бојаџиски ја напушти седницата.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Штип за 2024 година. Едногласно со девет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Штип за 2024 година, со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Штип, со подрачните основни јавни обвинителства ( Штип, Радовиш, Берово, Делчево, Кочани, Свети Николе и Струмица) за 2024 година.**

Под точката три од дневниот ред, Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му даде збор на Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола , и тоа ОЈО Битола, ОЈО Прилеп, ОЈО Охрид, ОЈО Струга и ОЈО Ресен како и со Годишниот извештај на ВЈО Битола за 2024 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола пред се со недостаток на јавнообвинителски кадар и наведе дека во ВЈО Битола од предведени по систематизација 8 јавни обвинители се само 2 јавни обвинители и еден стручен соработник. Кажа дека со вакви проблеми се соочуваат сите јавни обвинителства од ова подрачје, наведувајќи за секое поединечно јавно обвинителство колку јавно обвинители недостасуваат согласно предвидената систематизација. Воедно членовите на Советот ги запозна со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2024 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство поеднинечно како и за ВЈО Битола. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Битола за извештајната 2024 година и покрај недостатокот на јавно обвинителки и стручен кадар постапувале професионално и стручно.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски на опсежното излагање на Годишниот извештај и воедно отвори доскусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Зорица Павловиќ која Годишниот извештај на ВЈО Битола го оцени позитивно, кажа дека ги содржи сите потребни податоци кои се исто така и графички прикажани. Кажа дека видно е дека има зголемена активност во 2024 година, во однос на претходната година. Истакна дека бројот на предлог спогодбите е зголемен што е за пофалба но смета дека бројот на ослободителни пресуди е голем и смета дека обвиненија треба да се поднесуваат само ако има докази, но спротивно да се отфрлаат пријавите.

Збор зема г-дин Фатих Алиу кој кажа дека овој извештај ја дава реалната слика за работата на ВЈО Битола, како и на јавните обвинителства од ова подрачје. Како координатор за ова подрачје го оцени Годишниот извештај позитивно. Кажа дека и покрај условите во кои работат и проблемите со кои се соочуваат пред се со недостиг на

јавно обвинителски и стручен кадар, бројот на решени предмети споредбено со претходата извештајна година бележи раст и бројот на решени кривични пријави е зголемен. Наведе дека ќе гласа за усвојување на истиот.

Г-ѓа Душица Димитриеска кажа дека Годишниот извештај ги содржи сите потребни податоци и дека ќе гласа позитивно. Воедно кажа дека во однос на ОЈО Охрид забележала дека биле прземени малку дејствија во однос на испитување на обвинети и сведоци, споредено со бројот на предмети и со останатите обвинителства, па прашањето е на што се должи истото. Исто така забележала дека во делот на ослободителни пресуди најмногу има на подрачјето на ОЈО Битола.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироиски истакна дека и ОЈО Прилеп не отскокнува многу од таа бројка и смета дека проблемот е во тоа како секое јавно обвинителство го изготвува својот Годишен извештај. Во делот на ослободителни пресуди кажа дека во ОЈО Битола има мал проблем мала нетрпеливост помеѓу обвинителството и судот. Смета дека тој проблем и настаната состојба ќе биде што поскоро надмината.

Г-дин Ардиан Демири позитивно го оцени Годишниот извештај на ВЈО Битола, кажа дека истиот е исцрпен, ги содржи сите потребни податоци. Како забелашка ги наведе увидите во ОЈО Охрид каде јавните обвинители не излегуваат на увид и за сообраќајки со смртни последици.

ВЈО на ВЈО Битола г-дин Пецо Везороски кажа дека во текот на утрешниот ден е во редовна контрола во ОЈО Охрид и ќе укаже на овој вид на проблем со кој се соочува ова јавно обвинителство.

Г-дин Ермон Незири се осврна на високата бројката на наредбите за вештачење и на што се должи истата. Воедно кажа дека позитивно ќе го оцени извештајот.

ВЈО на ВЈО Битола се согласи со забелешката, но кажа тоа е што е презентирано во извештајот.

Откако никој не зема збор, Вишиот јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Битола г-дин Пецо Везироски ја напушти седницата.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Битола за 2024 година.

Едногласно со девет гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Битола за 2024 година, со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеја 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Битола, со подрачните основни јавни обвинителства (Битола, Прилеп, Охрид, Струга и Ресен) за 2024 година.**

Откако никој не зема збор Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи триесетата седница на Советот.

Записникот го водел
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Заменик Претседател**
**Башким Бесими**